

Во пресрет на иститe, со кои ќе се дефинира нова четригодишна агенда за Единиците на локална самоуправа и жителите на поединечните општини, ние, здружението за заштита на животните „Анима Мунди„, како и останатите македонски здруженија за заштита на животните и многубројни македонски граѓани, сме засегнати за стратегиите, ставот и Програмите со кој идните градоначалници ќе ги третираат животните. Наша цел е конечно подобрување на односот кон животните, нивна заштита и благосостојба.

До сега Македонија многу затајува на полето на хуманоста врз животните и очекуваме тоа да се смени. Целиме заедно да востановиме нови облици на однесување и инсистираме на хуманост, која ќе не дефинира како нација, а не силеџиство.

Да, визијата на градскиот татко во однос на животните биде како кон живи битија – а не како кон комунален смет кој треба насилно да се одстрани.

Македонскиот човек е хуман, осудува насилство кон животните, податоци кои се потврдени на оние кои се засегнати од третманот на животните – до сега потребите на таа бројка граѓани не се земале во предвид. **Ние како здружение, во име на сите тие хумани луѓе, бараме исполнување на овие начела, наведени во дописот кој Ви го приложуваме.**

**СО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ОВИЕ НАЧЕЛА ВО ПРОГРАМИТЕ И СТРАТЕГИИТЕ КОИ КАНДИДАТИТЕ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ ПЛАНИРААТ ДА ГИ РЕАЛИЗИРААТ ВО СЛЕДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ, ЌЕ ИМ СЕ ДАДЕ МОЖНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ КОИ**

**СЕ ЗАСЕГНАТИ СО ОВАА ПРОБЛЕМАТИКА ПОИНФОРМИРАНО ДА ГО ДАДАТ СВОЈОТ ГЛАС НА ИЗБОРИТЕ, т.е. ГЛАСААТ И ЈА ПОДДРЖАТ ОНАА ПОЛИТИЧКА ОПЦИЈА КОЈА СЕРИОЗНО ЈА ЗЕМА ПРЕДВИД И СТРАТЕГИЈАТА ЗА ТРЕТМАНОТ НА ЖИВОТНИТЕ.**

**Бараме секој кандидат градоначалник да се произнесе дека:**

1. За решавање на проблемот со прекумерната бројност на бездомните кучиња општината – кандидат градоначалникот ќе се обврзе да применува стратегијата на масовна стерилизација (во светот позната како залови – стерилизирај - врати) како и бесплатна вакцинација, бидејќи според научните истражувања е единствена препорачана за хумана, ефикасна и економски исплатлива метода, препорачана од релевантни инстанци - Светската здравствена организација, Советот на Европа, најсилните интернационалните здруженија за заштита на животните (PETA, Brigitte Bardot foundation, WSPA; сите балкански здруженија за заштита на животните), и светската ветеринарната мрежа. Бараме оваа програма да не биде ставена само на хартија, а во реалноста и понатаму да се спроведува и фаворизира масовно убивање на кучињата**.**

2. Ја сметат за стратешки важна соработката со сите здруженија за заштита на животните бидејќи благосостојбата на животните е од синергиско влијание на општата благосостојба, заштитата на човековото здравје и здравјето на животните, заштитата на природата и животната средина, негување на хумани вредности и зачувување на позитивен имиџ на општината, со цел адекватна примена на методата и пред се

максимална транспарентност и доследност во спроведувањето. Да се обврзат дека ќе овозможат учество на здруженијата во раководењето на стационарите на општинско ниво и помогнат соодветна едукација на населението, организираат кампањи за стерилизирање и вдомување миленици
. Во отворена соработка со здруженијата за заштита на животните како и сите засегнати граѓани, ќе воспотавиме систем за позитивна пропаганда и едукација на граѓаните, со особен акцент на младата популација.

3. Ќе го осудат насилството и суровоста врз животните и стават особен акцент врз превенирањето на девијантни форми на однесување кон животните, при што ќе се ангажираат општинските капацитети и формираат служби за детектирање на сторители на кривични дела труење, мачење, убивање на животните. Оваа активност би подразбирала и тесна соработка и вклученост во дејствувањето на Здруженијата за заштита на животните и засегнатите граѓани .

ваквите практики се сеприсутни во **повеќето западни земји, особено Велика Британија Америка, во моментов се усвојува во Хрватска и во Србија.**
Во Македонија таа потреба се игнорира, иако се секојдневни апелите на здруженијата, како и граѓаните. Наведената служба ќе служи за откривање и санкционирање на секаков вид злосторништво врз животните и непотребно излагање на болка и страв–масовни труења на бездомни животни со отрови опасни и за животот на луѓето, пред се децата; тешки деликти, матретирање, мачење, излагање на непотребен страв и болка, и слично, бидејќи во Македонија досега сите тие облици на антисоцијално и девијантно однесување биле маргинализирани по важност и и немале правна завршница. Во досегашните услови кога сторителите на таквиот чин не бидат казнети согласно Законот, индиректно насилството се третира за прифатливо.Светските практики и психијатарската наука укажуваат дека е примарно таквите дејствија да бидат превенирани а ако се случат сторителите мораат да бидат санкционирани, бидејќи насилството врз животните најчесто е само претходница на насилството врз луѓето, и ако не реагираме, насилниците ги охрабруваме и стимулираме на нареден чекор.